**20261101629**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА

Врз основа на членовите 13 ставови 8 и 9, 33 ставови 1 и 2, 37 став 6, 42, 43 став 2, 45 став 2, 47 став 2, 50 став 3, 60 став 3, 71 став 4, 78 став 4, 80 став 5, 94 став 2, 103, 121 став 2, 123 став 6, 129 став 4, 130 став 9, 131 став 2, 137 и 139 став 4 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.28/21, 122/21, 60/23 и 267/25), директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТАПКИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за надоместоците и висината на трошоците што се плаќаат во постапките што се водат согласно Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/15 и 217/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/22 и 86/25), во член 8 во ставовите 1 и 5 зборовите „500 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите „471 евра во денарска противвредност“.

По ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Во постапката за издавање на одобрение за промет на големо со опојни дроги и психотропни супстанции потребни за производство на лекови и медицински средства, надоместокот што треба да го плати подносителот на барањето изнесува 442 евра во денарска противвредност.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 03-6470/3
19 мај 2026 година
Скопје

Директор,
м-р фарм. **Сабри Алити,** с. р.